**Годишен извештај на органите на државната управа за напредокот на состојбата на еднаквите можности за жените и мажите**

## 1. ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

| | |
|---|---|
| **Орган на државна управа (назив)** | ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
| **Изработил (име, презиме и функција)** | Надица Тотиќ, координатор за еднакви можности |
| **Период на известување** | 2022 |
| **Датум на поднесување на извештајот** | 24.03.2023 |

**Одговорно лице кој го одобрува извештајот и ја потврдува неговата веродостојност**

**Датум, _24.03.2023______________________**

**Име и презиме**
Проф. д-р Елена Ќосевска, раководител на Оддел за здравствена промоција и следење на болести во Институтот за јавно здравје- заменик координатор за еднакви можности.

**Потпис**

**(Одговорно лице во органот на државна управа)**

**Датум на прием на извештајот во Министерство за труд и социјална политика**

_____________________

**Име Презиме (на службеникот од Сектор за еднакви можности кој го примил извештајот)**

**Потпис**

## 2. НАВЕДЕТЕ ГИ СПРОВЕДЕНИТЕ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ:

**2.1. Преземени основни и посебни мерки согласно чл. 5, 6 и 7 од ЗЕМ (заокружете)**
- **А) Позитивни**
- **Б) Охрабрувачки**
- **В) <u>Програмски</u>**

**2.2 Мерење на успешност на мерката (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа мерка):**
Изготвени и предадени програмски задачи во Министерството за здравство

**2.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (Ве молиме наведете само аутпут индикатори[1])**

**2.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот**

## *3.* НАВЕДЕТЕ ГИ ПРЕЗЕМЕНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД:

**3.1. Преземени иницијативи за инкорпорирање на принципот на еднакви можности на жените и мажите во стратешкиот план и буџетот на органот на државната управа (ОДУ), согласно член 11 од ЗЕМ:** Во предлог план за програмски задачи според Националната годишна програма за јавно здравје во 2022 година, ИЈЗ НА РСМ преку Одделот за здравствена промоција и следење на болести, предвиде активности со цел за инкорпорирање на принципот за еднакви можности на жените и мажите. Имено, скоро сите податоци и анализи се направени со приказ на состојбите според пол.

**3.2. Мерење на успешност на иницијативата (наведете кратки информации-показатели кој е резултатот со спроведувањето на оваа иницијатива):** Дел од предвидените активности во Програмата за рано откривање на малигни заболувања во РСМ, не беа прифатени од страна на МЗ и не беа финансиски поддржани за ИЈЗ.

**3.3. Дали имате предвидено показатели/индикатори за мерење на успешноста и напредокот (пример за индикатор)** Изготвени програмски задачи и спроведени активности

**3.4. Доколку имате документи и прилози кои зборуваат за напредокот, ставете ги во прилог на извештајот:**
1. Извештај за здравјето на населението во Република Северна Македонија за 2021г. изготвен во 2022г.,
2. Извештај за остварување на Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во РМ во 2021/2022,
3. Информација за добиените резултати од спроведена програма "Здравје за сите" Република Северна Македонија 2022 година.

## *4.* СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИЗАЦИИ И БАЗА НА ПОДАТОЦИ:

**4.1. Наведете ги активностите за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите кои Вашата институција ги реализирала во соработка со социјалните партнери и невладините организации активни на полето на еднаквите можности на жените и мажите?**
-Координарот и заменик координаторот беа ангажирани како консултанти во рамките на Заедничката програма на Европска Унија/Советот на Европа, Хоризонтална програма за Западен Балкан и Турција-фаза ‖ за проектот "Спречување и борба против трговијата со луѓе во Северна Македонија" како

[1] *Аутпут индикаторите* ја мерат количината на стоки или услуги кои се добиваат со реализација на активностите од одделните програми, или пак број на жени и мажи опфатени со одделни програми. Пример за аутпут индикатор е број на мажи/жени опфатени со здравствените програми, број на жени опфатени со програмата за субвенционирање на земјоделството, број на жени од таргет група 24-49 години опфатени со Активните програмии мерки за вработување и др. Преземено од *Насоки за подготовка на предлог буџетска пресметка*, Министерство за финансии, http://www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/OP_2012.pdf

| |
|---|
| и учество на настани за едукација на здравствените работници за начинот на препознавање на жртвите на трговија со луѓе.<br><br>-Координаторот и заменик координаторот  поминаа обука за обучување на здравствените професионалци во доменот на трговија со луѓе. Препознавање и упатување на жртвите или потенцијалните жртви на трговија со луѓе преку здравствени индикатори. Обукате беше организирана од страна на Фондацијата "Terre das hommes" и претставништвото на GIZ во Северна Македонија.<br><br>-Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија склучи меморандум за соработка со невладината организација  Х.Е.Р.А за изработка на Веб страна со цел подобро информирање на младите луѓе за конрацепција, видови на контрацептивни сретства и  безбедно планирање на семејство. Институтот за јавно здравје ќе даде свој придонес со  ревидирање и публикување на стручни материјали со цел поголем опфат на млади лица (особено девојки) за придобивките од редовна и навремена контрацепција како и безбеден сексуален однос. |
| **4.2. Дали базата на податоци со која располага ОДУ е разделена по пол?**<br>ДА<br>**а) база на податоци која се однесува на човечки ресурси**<br>*** приложете документ со преглед на човечките ресурси поделени по пол (вкупен број на вработени, по звање)**<br>**б) база на податоци која се однесува на програмскиот дел  (опфат на корисници по пол од одредени програми, услуги, мерки итн.)**<br>*** приложете документ со краток опис на програма/услуга и податоци разделени по пол за <u>предвидени</u> корисници, целни групи, и податоци разделени по пол за <u>опфатени</u> корисници, целни групи итн.** |

**5.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ СОГЛАСНО СТРАТЕШКИТЕ ДОКУМЕНТИ ОД ОБЛАСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ:**

**5.1. Наведете кои се вашите обврски согласно Стратегијата за Родова Еднаквост (СРЕ), Националниот план за акција и оперативниот план за годината за која се известува.**
**Опишете според:**
**а) Постигнати резултати**
**б) Реализирани активности**
**в) Индикатори за мерење успешност**
**г) Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства**

**5.2. Дали надлежностите и задачите на координаторот и заменик координаторот конкретно се утврдени во актот за систематизација на работните места во органите на државната управа?**
НЕ

**5.3. На кои обуки во текот на извештајниот период координаторот и заменик координаторот имаат присуствувано?**
**Дали тие во обуките се јавиле како:**

**а) слушатели**
**б) обучувачи**

**5.4. Во рамките на целосниот период на извршувањето на функцијата, наведете кои обуки (наведете тематски родова еднаквост и анти-дискриминација, трговија со луѓе, семејно насилство, родова еднаквост и социјална заштита итн). имаат посетено:**
**а) координатор за еднакви можности**

-Конференција од областа на еднаквоста и недискриминацијата, 18Март, 2014, Скопје
-Јавна дебата за предлог Извештај за напредокот и предизвиците во имплементацијата на Пекиншката декларација и платформа за акција и резултатите од 23 сесија на Генералното собрание (2000), 8 јули 2014, Скопје;
-Твининг проект, Конференција за започнување на проектот " Поддршка за имплементација на родова еднаквост" ЕУ Инфо центар, Скопје, 16 септември 2015;
-Конференција на тема: Родовата еднаквост во Македонија во пост 2015- Рамката за развој-планирање на следните чекори, Скопје, 23 септември 2015;
- Промоција на Индекс на родова еднаквост во општините во Република Македонија организиран од страна на НВО- Реактор истражување во акција Скопје 2018;

- Национален Акциски План за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и домашно насилство –Истанбулска конвенција- во организација на МТСП ,Скопје 2018;

- Спроведување на родова анализа на Националните документи и процеси за ЕУ интеграција,Еу инфо центар,Скопје 2018.

- Национална Конференција, Унапредување на правата на ЛГБТИ заедницата во Северна Македонија, Скопје 2019;

- Конференција за Промоција на Националниот индекс за родова еднаквост Скопје, 2019;

- Работилница -План за родова акција на Европската Комисија (Gender Action Plan II) Организирано од страна на НВО Реактор- истражување во акција и фондација Kvinna till Kvinna (Жена за Жена) Скопје 2019;

- Панел дискусија- Споделено родителско отсуство, организирано од страна на НВО Реактор истражување во акција, Скопје 2019;
- Конференција на тема: "Грижи се машки- Од свесност до вклученост:
-Вклучување на мажите во превенција на родово насилство и работа со сторители во фокус на безбедноста на жртвата". НВО ( Х.Е.Р.А)2021

## 6.ПРЕДИЗВИЦИ, ДОБРИ ПРАКСИ И НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ:

6.1 **Наведете дали и со какви предизвици сте се соочиле во текот на извештајната година и какви предлози за нивно надминување сте дале /**

**6.2 Споделете пример за добра или лоша пракса /**

**6.3. Наведете примери за научени лекции /**

## 7. ОПИШЕТЕ ГИ ВАШИТЕ СЛЕДНИ ЧЕКОРИ:

***7.1.*** **Опишете накратко кој е вашиот план на активности за следната година и кон што ќе придонесат (имплементација на Стратегија за родова еднаквост, друг стратешки документ на ОДУ итн.)**

-Продолжуваме со публикување на материјали кои содржат совети за здравјето на мажите и жените како и скрининг програми кои овозможуваат рано дијагностицирање на незаразните болести како кај жените така и кај мажите.

-Во текот на 2023 ќе организираме обуки за здравствените работници со цел претставување на здравствените индикатори за полесно препознавање и упатување на жртвите од трговија со луѓе.

-Во тек на 2023 година ќе се иницира воведување на координатор и заменик координатор за еднакви можности во систематизацијата во ИЈЗ на РСМ .

## *8.* ПРЕДЛОЗИ И СУГЕСТИИ ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА:

**8.1. Наведете Ваши предлози или иницијативи до СЕМ- МТСП во насока на подобрување на:**

**а) Функционалноста и координацијата на механизмите за родова еднаквост**

Поголемо влијание на СЕМ-МТСП врз институциите за доследна примена на законската регулатива

**б) Имплементација на Стратегија за родова еднаквост во секторските политики/програми**

Поголем буџет во превентивните програми за подобра имплементација на политиките/програмите